Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 41, 1 јуни 2010 година

јуни 2010 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област педијатрија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 3

**РЕФЕРАТ** за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставното подрачје радиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 11

**НАСЛОВИ** на теми за магистерски / специјалистички стручен труд одобрени од наставно-научен совет на единицата .......... 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник **„**Методика на наставата по религиско образование“ од проф**.** д-р Снежана Мирасчиева и проф**.** д-р Владо Петровски**,** Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип .......... 18

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е РАТ**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ (СПЕЦИЈАЛИСТ) ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕДИЈАТРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, на својата 20. седница одржана на 16.12.2009 година, донесе Одлука бр. 2502-118/101 за распишување на Конкурс за избор на еден ***асистент/специјалист*** за наставно-научната област ***педијатрија*** на Факултетот за медицински науки. На 17.2.2010 година Наставно-научниот совет донесе Одлука бр. 2502-35/14 и решенија бр. 2502-35/24 (претседател), 2502-35/25 (член), 2502-35/26 (член) за формирање на Рецензентска комисија за избор во наставно звање асистент (специјалист) за наставно-научната област *педијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во следниов состав:

1. д-р Елизабета Зизоска, доцент по предметот Педијатрија, вработена на Универзитетска клиника по гинекологија и акушерство во Скопје, член;
2. д-р Никола Силјановски, редовен професор по предметот Интерна медицина, вработен на Факултетот за медицински науки во Штип, член;
3. д-р Никола Камчев, вонреден професор, вработен на Факултетот за медицински науки во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 4.2.2010 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот, објавен на 4.2.2010 година, за избор на асистент/специјалист за наставно-научната област *педијатрија* на Факултетот за медицински науки се пријавија 4 кандидати.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Иван В. Милев** е роден на 27 декември 1969 година. Во 1994 година дипломира на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје. Во периодот од 1996 до 2000 г. специјализира педијатрија на Педијатриската клиника во Скопје, а субспецијализацијата по кардиологија ја завршува во 2008 година. Во 2009 година завршува курс за техники за емболизација во Сарагоза, Шпанија.

***Работно искуство***

Од 1999 до 2001 година работи како педијатриски кардиолог на Одделот за педијатриска кардиологија при Клиниката за педијатрија во Скопје.

Во 2001 година работи како педијатриски кардиолог на Одделот за инвазивна дијагностика во Националниот центар за детски кардиоваскуларни заболувања и педијатриска кардиохирургија во Софија, Република Бугарија.

– Дијагностички и терапевтски инвазивни кардиолошки процедури кај конгениталните срцеви заболувања.
– Постоперативен менаџмент кај пациентите со конгенитални срцеви заболувања во Педијатриската единица за интензивна нега.

Во 2001 година работи како инвазивен и неинвазивен кардиолог за деца и возрасни во Центарот за кардиохирургија „Филип II“ во Скопје, Р. Македонија.

– Единица за интензивна нега.
– Трансторакално ехо кај педијатриски и возрасни пациенти (> 500/ годишно).
– Деснострана дијагностичка катетеризација (> 50).
– Третман на конгенитални срцеви заболувања (ASD, VSD, PDA, асистенција кај 50 пациенти кај проф. D.Schrantz и проф. G. Brzezinska и кај 30 пациенти како главен оператор).
– Балон дилатација кај конгенитални валвуларни и васкуларни заболувања (пулмонална валвуларна стеноза, аортална коарктација) кај 30 пациенти со проф. D.Schrantz и проф. G. Brzezinska, и > 20 пациенти како главен оператор.
– Имплантација на интрааортална балон пумпа кај возрасни со акутна срцева инсуфициенција, предоперативно или постоперативно пореметување на ритамот (> 80 пациенти).
– Иввазивна дијагностика на кардиоваскуларни заболувања (коронарографија, трансрадијална, трансфеморална, трансбрахиална) > 500 пациенти.
– Коронарен stenting кај возрасни со кардиоваскуларни заболувања, > 30 пациенти како главен оператор.
– Трансезофагеално ехо >150 пациенти/ годишно.
– Асистенција кај инвазивни и неинвазивни радиолошки процедури CT скен, инвазивни процедури под флуороскопска контрола.

***Професионални членства***

– 2000 г. - Македонска лекарска комора
– 1995 г. - Македонска педијатриска асоцијација
– 2008 г. - Македонска кардиолошка асоцијација
– 2008 - Европска кардиолошка асоцијација

***Список на објавени стручни трудови***

1. **Milev** I, Mitrev Z, Vasileva A, Risteski P.: Infective endocarditis on the tricuspid valve associated with small ventricular septal defect - a case report. II Macedonian Congress of Cardiology with International Participation, Ohrid, Macedonia, 23-27 June 2002.
2. Mitrev Z, Vasileva A, **Milev** I, Anguseva T, Risteski P,Miovska S, Risk assessment of mitral valve surgery:ischemic vs.non-ischemic ethiology, Advanced topics in Cardiology, Zagreb, Hrvatska, 10-12 October 2002.
3. Mitrev Z, Anguseva T, **Milev** V, “Interventional procedures in patients with congenital heart diseases-our early clinical experiences, XI Cardiosurgery Meeting, 23-26.10.2005 Moscow, Russia.
4. Василева Аница, **Милев Иван,** Ампова Вилма, Идризи Шпенд, Анѓушева Тања, Митрев Жан: „Евалуација на акутна дисекција на аортата со трансезофагеална ехокардиографија“, Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.
5. Василева Аница, Ампова Вилма, **Милев Иван,** Анѓушева Тања, Митрев Жан: „Третман на тешка општа митрална регургитација кај исхемична и на неисхемична етиологија“, Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.
6. Василева Аница, Ампова Вилма, **Милев Иван,** Анѓушева Тања, Митрев Жан: „Автотрансплантацијата како алтернативен метод кај терминална митрална болест“, Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.
7. Василева Аница, **Милев Иван,** Ампова Вилма, Митрев Жан: „Третман и следење на големите перикардни шливи“, Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.
8. Ампова Вилма, **Милев Иван,** Василева Аница, Миланов Горан, Митрев Жан: „Ехокардиографски параметри во пред и постоперативниот третман на пациенти со атријален септален дефект тип секундум“ , Интернационален симпозиум за ехокардиографија, 14-16 септември 2003 год., Охрид.

9. Митрев Жан, **Милев Иван,** Ампова Вилма, Кедев Сашко: „Кардиохируршки третман на ВСМ“, Трет македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 21-24 јуни 2006.
10. Митрев Жан, **Милев Иван,** Ампова Вилма, Кедев Сашко: „Минимална инвазивна торокаотомија“, Трет македонски конгрес по кардиологија, Охрид 21-24 јуни 2006.
11. Митрев Жан, **Милев Иван,** Ампова Вилма, Кедев Сашко: „Минимална инвазивна торокаотомија“, Трет македонски конгрес по кардиологија, Охрид, 21-24 јуни 2006.
12. **Иван Милев,** Вилма Ампова, Сашко Кедев, Жан Митрев: „Интервентни процедури на вродени срцеви мани“, Стручен симпозиум на Здружението на лекарите, стоматолози и фармацевти Албанци на Македонија, Струга, 27 октомври 2006.
13. Вилма Ампова, **Иван Милев,** Сашко Кедев, Жан Митрев: „Трансрадијален пристап кај амбулантски перкутани коронарни интервенции“, Стручен симпозиум на Здружението на лекарите, стоматолози и фармацевти Албанци на Македонија, Струга, 27 октомври 2006.
14. Shpend Idrizi, **Ivan Milev,** Enver Idoski, Anica Vasileva, Tanja Angjuseva, Zan Mitrev:” Transesophageal echocardiography in the early postoperative period following cardiac surgery”, Стручен симпозиум на Здружението на лекарите, стоматолози и фармацевти Албанци на Македонија, Струга 27 октомври 2006.
15. Tanja Angjuseva, **Ivan Milev,** Vlado Petrovski, Anica Vasileva, Enver Idoski, Borjanka Georgieva, Zan Mitrev:” Intraoperative 3D transesophageal of the heart”, Стручен симпозиум на Здружението на лекарите, стоматолози и фармацевти Албанци на Македонија, Струга, 27 октомври 2006.
16. Kedev S, Ampova V, **Milev I,** Mitrev Z: “Transardial carotid stenting- a case report”, Annual Meeting of European cardiovascular Socciety, Linz, November, 2007.
17. **Иван Милев,** Жан Митрев: „Вродени срцеви мани - Интервентен третман во Р. Македонија, 2003-2008 година, досегашни резултати и идни перспективи“, Новини во педијатрија 2008, Скопје, март 28-29 2008 година.
18. **Иван Милев,** Жан Митрев: „Местото и значењето на интервентните кардиоваскуларни процедури во оптималниот третман на вродените срцеви мани“, Први национални денови по неонатологија на Република Македонија, Охрид, септември 17-20 2008 година.
19. **Ivan Milev,** Tanja Angjuseva, Zan Mitrev: “Congenital heart diseases-strategy for treatment”, Втор конгрес по кардиологија на Република Српска, Бања Лука, 24-26 октомври 2008 година.
20. Veljanovska L, Sokolov V, **Milev I,** Idrizi S, Mitrev Z: “Assesment of Grafts and Coronary Arteries with 64 slice CT angiography after Coronary Artery Bypass Surgery-our experiences” November 2008 Vrnjacka Spa, Sebia, BCR.
21. Veljanovska L, Anastasov Z, Bozinovska B, Idrizi S, Sokolov V, **Milev I,** Mitrev Z: “Diagnostic accuracy of coronary angiography with 64 slice MSCT in asymptomatic patints prior to non coronary vascular operations in comparasion with conventional angiography -our experiences” ESCR 2009 Leipzig Germany, October 08-10.2009.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Луиза Донева** е родена на 15 декември 1957 година. Основно и средно гимназиско образование завршува во Штип, а Медицински факултет и специјализација по педијатрија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 1988 година е вработена во Медицински центар - Штип на повеќе работни места: Детски диспанзер, Школски диспанзер, Брза помош, а во тек на 1990 година работи како санитарен инспектор при Собрание на Општина Штип. Од 2001 до 2004 година работи како специјалист по педијатрија во Детски диспанзер и дежура на Детско одделение во Општа болница - Штип. Сега работи како педијатар на Детското одделение во Клиничка болница - Штип. Во 2008 година, во тек на три месеци, престојува на едукација од областа на пулмоалергологија и туберкулоза во Институт за белодробни заболувања кај децата Козле - Скопје.

Во наставата има искуство како професор по предметот Хигиена со здравствено воспитување во СОУ „Јане Сандански“ - Штип, во учебната 1989/1990 година.

***Список на објавени авторски трудови***

1. Компликации од грип кај деца на возраст од 0 до 10 години.
2. Pertusis (црна кашлица).
3. Erysipelas (приказ на случај).
4. Mycoplasma pneumonia и Brucelosis (приказ на случај).
5. Salmonelosis – акутен гастроентерит (приказ на случај и пријавување).
6. Хронична дијареа и Morbus Crohn (приказ на случај).
7. Пневмонија, Pseudomonas aeruginosa и цистична фиброза (приказ на случај).
8. Бронхиолит-акутна опструктивна диспнеја во доенечка возраст.
9. Педијатриско одделение, Општа болница, регион и реформи во здравството.
10. Пареза на брахијален плексус тип Erb-Duchenne како родилна траума (приказ на случај).
11. Erythema toxicum neonatorum (приказ на случај).

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јадранка Бреслиева** е родена во Штип на 14 април 1973 година. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1998 година. Од 2000 до 2003 година работи како лекар по општа медицина во Брза помош. Од 2003 до 2004 година работи како лекар по општа медицина на Одделението за дијализа во Општа болница - Штип. Во 2004 година е упатена на специјализација по педијатрија во Скопје на Клиниката за педијатрија. Во 2008 година ја завршува специјализацијата по педијатрија и се стекнува со звање **специјалист по педијатрија** и работи во РЕ Детски болести во континуитет до денес. Од 2004 до 2008 година работи на проекти за хронично болни деца и учествува во работилници за педијатрија.

Кандидатката во текот на своето образование успешно ги завршува курсевите по англиски јазик и компјутери.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Олга Јотовска** е родена во 1951 година, во Скопје. Дипломира на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1977 година, со просечен успех 8,50. Завршува постдипломски студии во 1986 година, со просечен успех 10, со магистерска теза на тема „*Транзиторни конвулзии при метаболитички пореметувања во детската возраст*“. Специјализација по педијатрија завршува во 1991 година.

Кандидатката работи во ПЗЗ: лекар по општа медицина во Косоврасти, Дебар, Гостивар, с.Неготино (Гостиварско). Од 1978 година во: с. Коњари, - Скопје, Здравствен дом - Скопје, Детски диспанзер превентива и куратива Здравствен дом - Скопје (педијатар), а потоа како управник во Заводот за здравствена заштита на мајки и деца - Скопје. Од 2001 година е педијатар во Одделот за развојна патологија и неврологија во Завод за ментално здравје на деца и младинци - Скопје. Во периодот од 30 октомври 2000 година до 31 август 2001 година била вработена на Проектот за континуирана медицинска едукација, финансиран од Светска банка, под супервизија на Интернационалната единица во Министерството за здравство на Р. Македонија и реализирана во горенаведениот период од British NGO BIS_Healthcare.

Кандидатката има познавање од англиски јазик и работење на компјутери.

***Стручни и научни трудови***
***Со трудови учествува на:***

1. 26-ти Конгрес на микробиолози, инфектолози и епидемиолози, 1984 година, Пула, Југославија.
2. 27-ми Конгрес на микробиолози, инфектолози и епидемиолози, 1985 година, Пула, Југославија.
3. 7-ми Конгрес на педијатрите на Македонија, 1994, Струга, Македонија.
4. 14-ти Конгрес на лекарите на Македонија, 1995, Охрид, Македонија.
5. Прв симпозиум на здравствените домови на Југославија, 1995, Нови Сад, Југославија.
6. Југословенски педијатриски денови, 1995, Ниш, Југославија.

7. Југословенски педијатриски денови, 1996, Ниш, Југославија.
8. Прв македонски имунолошки конгрес, 1996, Охрид, Македонија.
9. Прв конгрес на микробиолози на Македонија, 1997, Охрид, Македонија.
10. Педијатријата во општеството 2000, Јерусалим, 1997, Израел.
11. Светски педијатриски конгрес, 1998, Амстердам, Холандија.
12. 8-ми Конгрес на педијатрите на Македонија, 1998, Охрид, Македонија.
13. 15-ти Конгрес на лекарите на Македонија, 1999, Охрид, Македонија.
14. Европски педијатриски конгрес 2000, Рим, Италија.
15. Прв семакедонски конгрес на лекари, стоматолози, фармацевти, 2000, Охрид, Македонија.
16. Прв конгрес на трансфузиолозите на Македонија со меѓународно учество 2000, Охрид, Македонија.
17. Втор конгрес на епилептолозите на СЦГ, 2004, Белград, СЦГ.
18. Симпозиум на неврологија и психијатрија во развојниот период, 2004, Белград, СЦГ.
19. Прва епилептолошка школа на тема „Епилепсии во развојниот период", 2003, Шабац, СЦГ.
20. Трета епилептолошка школа „Епилепсии и коморбидни болести и состојби", 2004, Београд, СЦГ.
21. Шеста епилептолошка школа организирана од југословенската лига за борба против епилепсија, јуни 2005, Иришки Венац, СЦГ.
22. Осми конгрес на клиничка неврофизиологија на Србија и Црна Гора со меѓународно учество, 2005, Белград, Србија.
23. 8-ма Епилептолошка школа, Нишка Бања, Србија, 2006.
24. 9-та Епилептолошка школа, 2006, Вршац, Србија.
25. Прва европска епилептолошка школа ( Мигрирачки курс за епилепсија), 2007, Космај, Србија.
26. Симпозиум за клиничка неврофизиологија со меѓународно учество, 2007, Белград, Србија.
27. 17-ти Конгрес на лекарите на Македонија, 2007, Охрид, Македонија.
28. 10-та Епилептолошка школа, 2008, Дивчибаре, Србија.
29. Невролошки денови со меѓународно учество, 2008, Охрид, Македонија.
30. Четврти конгрес на невролози на Македонија со меѓународно учество, 2008, Охрид, Македонија.
31. Први национални денови по неонатологија на Р. Македонија со меѓународно учество, 2008, Охрид, Македонија.
32. Предавања во склоп на Проектот за едукација на наставниот кадар за работа на деца со посебни потреби, 2008, Скопје, Охрид, Ново Село, Свети Николе, Македонија.
33. Трет конгрес на епилептолози со меѓународно учество, 2009, Белград, Србија.
34. Едукациски курс „Епилептички и неепилептички миоклонус", 2009, Белград, Србија.
35. 13-ти Конгрес на Европската федерација на невролошките здруженија 2009, Фиренца, Италија.
36. Деветти конгрес на клиничка неврофизиологија со меѓународно учество, 2009, Белград, Србија.

***Учествува на:***

1. Семинар - советување за доење, курс за обука воден од Клое Фишер, експерт при СЗО, Скопје, 1997, Македонија.
2. Член е на Комитетот за доење при Министерството за здравство.
3. Француски неонатолошки денови 1998, Париз, Франција.
4. Реализација на два проекта со УНИЦЕФ во врска со нутритивниот статус на децата до петгодишна возраст во Македонија (едниот проект реализиран 1994 г., другиот 1999 г.).
5. Учество во студијата за примена и дејството на Цефиксим (Панцеф), 1998, Скопје, Македонија.
6. Учество во КМЕ, 1999, Прилеп , Македонија.

7. Учество во проектот со УНИЦЕФ, болници-пријателки на бебињата, 2000 г., реализиран во повеќето медицински центри низ Македонија.
8. Добитник на диплома за придонес и ангажирање во работата на Македонското лекарско друштво за 2000 година.
9. Европски конгрес на нуклеарна медицина, 2000, Париз, Франција.
10. Проект за континуирана медицинска едукација, 2000-2001, Велес, Струмица, Скопје, Македонија.
11. Национален конгрес на Француското друштво на педијатри, 2001, Париз, Франција.
12. Шестмесечен престој во Рим, Италија, на Универзитетот „Ла Сапиенца“, Департман за јавно здравство на интернационален курс за здравјето и сиромаштијата, 2001- 2002.
13. Учество на Семинар за медицинска и психолошка нега на преживеаните од трауми во мултикултурниот свет, 2000, Рим, Италија.
14. Повеќекратни престои на Клиника за детска неврологија и психијатрија 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, Белград, Југославија.
15. Еднократен престој на Институт за мајка и дете, 2003, Белград, СЦГ.
16. Учество во работилницата: МКФ: инструмент за олеснување на социјална инклузија на луѓе со специјални потреби, 2003, Скопје, Македонија.
17. Учество на семинар од детска развојна неврологија при ГТЗ, 2003, Скопје, Македонија.
18. Едномесечен престој во болницата кај проф. Оливие Дилак, на Одделението за неврометаболички заболувања, 2004, Париз, Франција.
19. Семинар за Меѓународна класификација на функционирањето, попреченоста и здравјето - примена на педијатриско поле, 2004, Скопје, Македонија.
20. Курс за базично познавање на клиничка дијагноза и менаџмент на пароксизмални напади и епилепсии, 2005 година, Скопје, Македонија.
21. Двосеместрална едукација за рано откривање, дијагностика и третман на нарушувања на психомоторниот развој, Белград, 2005/2006, Србија.
22. Учество на 5. Конгрес на неврологија и психијатрија на развојното доба на Србија и Црна Гора со меѓународно учество, април 2005, Белград, СЦГ.
23. Теориско-практична едукација за рано откривање, дијагностика и третман на нарушувањата во психомоторниот развој и говорната патологија, 2004 - 2005 година, Белград, СЦГ.
24. Учество на семинар за аутизмот во Македонија, мај 2005, Скопје, Македонија.
25. Семинар - Генетски тестирања во Централна и Источна Европа: Прифатеност меѓу здравствените работници и општата популација, 2005, Скопје, Македонија.
26. Симпозиум - Новини во педијатријата, 2005, Скопје, Македонија.
27. Семинар за квантитативно ЕЕГ, МАНУ, 2005/2006, Скопје, Македонија.
28. Симпозиум за клиничка неврофизиологија, 2005, Белград, Србија.
29. Стручен собир во Завод за психофизиолошки и говорни нарушувања во врска со психомоторниот развој кај церебрално загрозени деца, Белград, 2006.
30. Работилница за остеопороза, 2006, Скопје, Македонија.
31. Работилница - Основни елементи на детска невропсихијатрија во рамките на примарната здравствена заштита.
32. Симпозиум на клиничка неврофизиологија, 2006, Белград, Србија.
33. Семинар: ЕЕГ и спиење, во рамки на континуирана едукација, 2006 Белград, Србија.
34. Семинар за ЕМГ, ЕМНГ и евоцирани потенцијали, 2006, Белград, Србија.
35. Стручен состанок на тема: Оваријални тумор маркери и значење на мултивитаминско дополнување во текот на бременоста, 2007, Скопје, Македонија.
36. Семинар систематски преглед: најдобар инструмент за превентивни активности и следење на растот и развојот на децата, 2007, Скопје, Македонија.
37. Прв меѓународен симпозиум за епилепсии и неврофизиологија, 2007, Охрид, Македонија.
38. Семинар за нуклеарна магнетна резонанса, 2008, Охрид, Македонија.
39. Симпозиум за клиничка неврофизиологија со меѓународно учество, 2008, Белград, Србија.
40. Стручен состанок - Оптимален третман на лицата со шизофренија: Приспособување

на терапијата кон индивидуалните потреби на пациентот 2008, Скопје, Македонија.

41. Стручен состанок: Примена на екстра кранијална и транс кранијална колор доплер сонографија со исхемичен мозочен удар, 2008, Скопје, Македонија.
42. Стручен состанок - Современи аспекти во третманот на мигрената, 2008, Велешко Езеро, Македонија
43. Проект за модернизација на образованието - работа со деца со посебни образовни потреби, 2005, 2006, 2007, 2008, родителски заедници и училиште - зајакнување на родителска заедница во училиштето, 2008.
44. Стручен состанок - Дијабетска полиневропатија: патогена и симптоматска терапија, 2008, Скопје, Македонија.
45. Симпозиум - Новини во педијатријата, 2008, Скопје, Македонија.
46. Стручен состанок - Современи аспекти во третманот на епилепсиите, 2008, Скопје, Македонија.
47. Состанок за дијагностички и тераписки предизвици кај биполарно афективно растројство, 2009, Скопје, Македонија.
48. Едукативно работна средба на Здружението на физијатрите на Р. Македонија 2009, Скопје, Македонија.
49. Учество во популарни образовни контактни емисии на телевизија и радио (**А1** телевизија, МТВ, Радио Скопје). Соработка со печатени медиуми, бројни педијатриски секции и состаноци, невролошки денови, инфектолошки семинари и стручни состаноци на Здружението на психијатрите на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, стручност, компетентност, посета на многу домашни и меѓународни симпозиуми и конгреси и објавени трудови, Комисијата заклучи дека кандидатот д-р Иван Милев ги исполнува сите законски критериуми за избор во асистент (специјалист) од научната област *педијатрија* на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, **кандидатот д-р Иван Милев да се избере во звање асистент (специјалист) за научна област *педијатрија*.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доцент д-р Елизабета Зизоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Никола Силјановски, член, с.р.**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р.**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Иван Милев**

| **Вид на активност** | | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна** | | | | |
| 1. | Интерна скрипта за вежби | | | |
| **Научноистражувачка** | | | | |
| 1. | Прегледен труд објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 2. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено со СЦИ | | | |
| 3. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание опфатено со ЦА | | | |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавен во зборник на трудови на научен собир во Македонија | 5 | 1 | 5 |
| 5. | Секциско предавање на научен собир во странство | | | |
| 6. | Одржано предавање по покана на научна институција во странство | | | |
| 7. | Учество на научен собир со реферат – усно предавање во Македонија | | | |
| 8. | Учество на научен собир со реферат – усно предавање во странство | | | |
| 9. | Учество на научен собир со реферат – постер во Македонија | 6 | 1 | 6 |
| 10. | Студиски престој во странство | 2 | 8 | 16 |
| | **Стручно-апликативна и организациско-развојна** | | | |
| | Труд објавен во зборник на трудови на стручен собир | 21 | 2 | 42 |
| | **Вкупно** | | | **69** |